Број: 02 - _____
_____ година

С к о п ј е

ЗАПИСНИК
од CCVIII -та седница на Управниот одбор на
Фондот за здравствено осигурување на Македонија,
одржана на 30 август 2016 година со почеток во 12.00 часот во просториите
на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

Присутни членови на Управниот одбор:

- *Ангел Митевски, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *Д-р Тања Дејаноска, претставник на стопанствениците во Р.Македонија - член;*
- *Д- р Ненад Гавриловиќ-претставник на осигурениците – член.*

Отсутни членови на Управниот одбор:

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Прим. М-р Д-р Илија Глигоров, претставник на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член.*
- *Проф. Д-р Бистра Ангеловска, претставник на Лекарската, Стоматолошката и Фармацевтската комора на Македонија – член.*

Присутни од ФЗОМ:

- *Д-р Сашо Стефаноски, директор на ФЗОМ;*
- *Орхан Рамадани, директор на ФЗОМ;*
- *Лидија Маркузанова, раководител на сектор за управување со човечки ресурси*

- *Ивана Атанасовска, стручен соработник за водење и следење на вонсудски постапки, во својство на записничар.*

Седницата ја отвори и ја водеше заменикот на претседателот на Управниот одбор, Ангел Митевски. Утврди дека на седницата се присутни четворица членови на Управниот одбор, со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, по што го прочита претходно доставениот

П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. *Предлог за донесување на Правилник за утврдување на висината на платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување на Македонија и*
2. *Разно.*

Предлозите на претседателот беа едногласно прифатени од Управниот одбор, по што за работата на CCVIII -та седница се усвои следниот

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. *Предлог за донесување на Правилник за утврдување на висината на платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување на Македонија и*
2. *Разно.*

Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред, по редоследот како што е забележано во записникот.

ТОЧКА 1 – Предлог за донесување на Правилник за утврдување на висината на платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување на Македонија

Директорот Д-р Сашо Стефаноски даде образложение за донесување на Правилникот. Истакна дека Правилникот е изработен врз основа на измените од Законот за здравствено осигурување, водејќи сметка за целиот колектив. Објаснување даде и раководителот на секторот за управување со човечки ресурси Лидија Маркузанова, по што Управниот одбор едногласно го донесе прелдоженият

Правилник
за утврдување на висината на платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување на Македонија

ТОЧКА 2- Разно

Потоа, бидејќи не беа дадени предлози за разгледување во рамките на точката 2 - Разно, дневниот ред беше исцрпен и Управниот одбор во 13.00 часот заврши со работата на CCVIII -та седница.

Записничар,	*Управен одбор*
М-р Ивана Атанасовска	*Заменик на претседателот,*
	Ангел Митевски

Согласен, директор:
Д-р Сашо Стефаноски
Орхан Рамадани Orhan Ramadani